# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***април 2022 година***
***ЕУЦ-број 72/2022***


## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ЕУ



Советот за надворешни работи на ЕУ на состанокот одржан на 11 април 2022 година ја истакна важноста на одговорноста за грубите прекршувања на меѓународното право. ЕУ ќе продолжи да ја поддржува Украина политички и финансиски, како и да ги поддржува украинските вооружени сили. Во таа насока Советот ќе продолжи да работи на предлогот за дополнителни 500 милиони евра кои ќе се мобилизираат во рамките на Европскиот мировен фонд.

Советот разговараше за напорите за зајакнување на стратешката комуникација и спротивставување на дезинформациите, вклучително и на темата за зголемената несигурност со храната. Министрите разговараа како да се соочат со зголемената несигурност на храна во другите региони во светот, особено во Африка, Западен Балкан, Блискиот Исток и Латинска Америка.

*Глобална порта*

На состанокот министрите разменија мислења за Глобалната порта и дадоа насоки за да се осигура дека оваа иницијатива следи геополитички и глобален пристап кон поврзувањето. Тие ја истакнаа стратешката важност на вклучувањето во глобалните рути за поврзување. Се осврнаа на управувањето и комуникацијата на Глобалната порта, како и за тоа како таа може да ја поддржи и унапреди соработката на ЕУ со истомислениците.

Глобалната порта претставува нова европска стратегија за зајакнување на паметните, чисти и безбедни врски во дигиталните, енергетските и транспортните сектори и за зајакнување на здравствените, образовните и истражувачките системи ширум светот.

Министрите се осврнаа на Западен Балкан во контекст на односите и соработката со ЕУ. Стратешкиот ангажман со регионот, кој го надополнува процесот на проширување, е уште поважен во развојот на геополитичкиот контекст по руската инвазија на Украина.

[https://presidence-francaise.consilium.europa.eu](https://presidence-francaise.consilium.europa.eu)

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Состанок на Советот за надворешни работи на ЕУ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Состанок на Советот за општи работи на ЕУ | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Нова ЕУ регулатива за дигитални услуги | 6 |
| 360милиони евра за 100 европски градови | 6 |
| Пристапот до информации од јавен карактер во ЕУ | 7 |
| Изборна реформа на ЕУ: Заеднички правила и транснационални листи | 7 |
| Новата TEN-T регулатива | 8 |
| Производство на енергија од обновливи извори во Данска | 8 |
| Емануел Макрон реизбран за претседател на Франција | 9 |
| Европска стратегија за геотермална енергија | 9 |
| Нов концепт за управување со шумите на ЕУ | 10 |
| Вклученост на граѓанското општество во преговорите за слободна трговија | 10 |
| Инфлација во еврозоната 7% | 11 |
| ЕУ календар / март 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 04-07 април 2022***

На почетокот на априлската пленарна сесија на ЕП, претседателката Роберта Мецола ги информираше европратениците за нејзината посета на Украина.

Европратениците со 403 гласа донесоа одлука за почеток на преговори со владите на ЕУ за предлогот на Комисијата за Директива за транспарентност на платите. Компаниите од ЕУ со најмалку 50 вработени треба да бидат целосно транспарентни во однос на платите и да се справат со потенцијалниот јаз во платите меѓу половите. Доколку постои разлика во платите од најмалку 2,5% (наспроти 5% предложени од Комисијата), земјите-членки ќе треба да обезбедат работодавците да спроведат заедничка проценка на платите и да развијат акциски план за родова еднаквост.

Европскиот парламент даде зелено светло на договорот со владите на ЕУ за ажурирање на правилата на ЕУ со кои се поставува задолжително минимално ниво на отворен пазар за користење на товарни возила (комбиња или камиони) ангажирани без нивните возачи. Според новите усвоени правила ќе има помалку ограничувања за користење на изнајмени комбиња или камиони без возачи од друга земја на ЕУ.

Приоритетите за буџетот на ЕУ за 2023 година според европратениците, треба да бидат економското закрепнување, здравјето, младите и климатските активности, како и справувањето со влијанието на инвазијата на Украина. Во резолуцијата усвоена со 463 гласа европратениците побараа инвестиции за унапредување на владеењето на правото, вредностите на ЕУ и основните права.

Европратениците ги одобрија новите правила за избор на енергетски проекти кои можат да добијат финансирање од ЕУ и усогласување на постојната регулатива со Зелениот договор на ЕУ. Законодавството, договорено со Советот во декември 2021 година, ги поставува критериумите и методологијата за избор на енергетски проекти од заеднички интерес (PCIs), како што се високонапонски далноводи, цевководи, капацитети за складирање енергија и паметни мрежи, кои би имале корист од брзите административни процедури и исполнување на условите за добивање средства од ЕУ.

За време на поставувањето на прашања со претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, европратениците се информираа за дејствувањето на Комисијата, гледајќи наназад на нејзините први две години од работа. „Време за прашања“ е сесија со прашања и одговори, каде што европратениците можат да ја прашаат Комисијата за конкретни актуелни активности.

Европратениците ја поддржаа новата легислатива за зголемување на достапноста на податоци за стартап претпријатијата и бизнисите за да се стимулираат иновациите. Актот за управување со податоци (DGA), договорен со Советот во ноември 2021 година, има за цел да ја зголеми довербата во споделувањето податоци, да создаде нови правила на ЕУ за неутралноста на пазарите на податоци и да ја олесни повторната употреба на одредени податоци што ги поседува јавниот сектор. Ќе воспостави заеднички европски простори за податоци во стратешките домени како што се здравјето, животната средина, енергијата, земјоделството, мобилноста, финансиите, производството, јавната администрација и вештините.

Европратениците дебатираа за заклучоците од состанокот на Европскиот совет од 24-25 март 2022 година, вклучувајќи ги и најновите случувања во Украина. Тие повикаа на дополнителни санкции против Русија, дополнителна поддршка за Украина и за намалување на енергетската зависност на ЕУ.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Со 549 гласа европратениците дадоа согласност за ослободување околу 3,4 милијарди евра (од 10 милијарди евра на располагање) од фондовите „REACT-EU“ и да го забрза пристапот на владите на ЕУ до средства за плаќање на инфраструктурата, домувањето, опрема, вработување, образование, социјална инклузија, здравствена заштита и грижа за децата за бегалците од Украина.
Европарламентот ги поддржува плановите за забрзување на полнењето на стратешките резерви на гас во Европа, така што домаќинствата и бизнисите имаат доволно гас за следната грејна сезона. Предлогот, усвоен според процесот на итна процедура на ЕП, сега ќе се преговара со министрите на ЕУ. Европратениците сакаат да воспостават задолжително минимално ниво од 80% на гас во складиштата до 1 ноември 2022 година и 90% за следните години, со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето и да се заштитат Европејците од можни шокови во снабдувањето.
Со 509 гласа Европскиот парламент усвои резолуција во која потсетува на различните мерки неопходни за заштита на децата и младите кои бегаат од насилството и за олеснување на нивната интеграција во заедниците на земјата домаќин.
Во резолуцијата усвоена со 513 гласа европратениците повикаа на дополнителни казнени мерки, вклучително и „итно целосно ембарго на рускиот увоз на нафта, јаглен, нуклеарно гориво и гас“.
Новото „право на поправка“ мора да опфаќа дизајнирање на долготрајни производи што може да се поправат, како и поинформативно етикетирање и проширени права на гаранција. Европратениците со 509 гласа ги усвои своите барања за претстојниот предлог на Европската комисија за правото на поправка планирано за подоцна во 2022 година.
Европратениците се загрижени од неодамнешната одлука на Талибанците на неодредено време да ја продолжат забраната за девојчиња од седмо одделение и погоре да одат на училиште. Во усвоената резолуција европратениците повикаа на поништување на овие ограничувања, истовремено забележувајќи ги претходните заложби на талибанците дека ќе обезбедат пристап до образование за сите граѓани.
Европскиот парламент усвои три резолуции за соодветните состојби со човековите права во Русија, Северна Кореја и Гватемала.



www.europarl.europa.eu

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ



*Годишен дијалог за владеење на правото*
Во рамките на годишниот дијалог за владеење на правото, Советот за општи работи на состанокот на 12 април 2022 година разговараше за состојбата во однос на владеењето на правото во Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија и Австрија.
Врз основа на главните наоди од поглавјата специфични за земјата од извештајот за владеење на правото за 2021 година, засегнатите земји-членки добија можност да ги претстават главните случувања и спецификите на нивната национална рамка за владеење на правото.

*Конференција за иднината на Европа*
Советот размени мислења за следните чекори по состанокот на 8 и 9 април во Стразбур, на кој работните групи презентираа нова верзија на предлозите на пленарната конференција.
Финалниот извештај од Конференцијата за иднината на Европа ќе биде доставен до копретседавачите (претседателите на Европскиот парламент, Европската комисија и Советот на ЕУ) во Стразбур на 9 мај.
Институциите на Европската унија, по 9 мај 2022 година, ќе треба да испитаат како да се надоврзат на заклучоците од Конференцијата за иднината на Европа и да ги претставаат пред граѓаните.
https://presidence-francaise.consilium.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 13 април 2022г. оствари средба со Н.Е. Роберто Фико, претседател на Домот на пратеници на Италијанската Република. На средбата Џафери изрази очекување во рамки на француското претседавање со Советот на ЕУ да се испратат јасни и конкретни пораки за започнување на преговорите за членство во ЕУ со Република Северна Македонија и Република Албанија. Роберто Фико ја пренесе неговата иницијатива за склучување на Протокол за соработка меѓу двата парламента, кој ќе овозможи динамизирање и зајакнување на соработката во повеќе парламентарни сегменти.
Во дискусијата се вклучија и претседателот на Комисијата за надворешна политика, Антонијо Милошоски, кој ја потенцираше важноста на отпочнувањето на преговорите со ЕУ, бидејќи земјата има направено многу отстапки, како и претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Италија, Елми Азири, кој ги подвлече придобивките од европската иднина на Република Северна Македонија во развоен, безбедносен, економски и политички контекст.

Претседателот на Собранието на 21 април 2022г. оствари средба со претседателот на Латвија, Егилс Левиц. На средбата Џафери изрази благодарност за поддршката од Република Латвија за евроинтеграцијата на нашата држава и цврститот став на Латвија во однос на политиката на проширување како една од најуспешните политики на ЕУ. Тој нагласи дека нашата држава очекува напредок во интегративниот процес во насока на побрзо одржување на првата меѓувладина конференција која ќе означи почеток на преговорите со Унијата.





Претседателот Џафери на 14 април оствари средба со Богдан Ауреску, министер за надворешни работи на Романија. Тој нагласи дека посетата ја смета како поттик и охрабрување за поинтензивна соработка меѓу групите за соработка во двата законодавни дома. Двајцата соговорници се согласија дека секое одложување на интергрaцискиот процес на Република Северна Македонија предизвикува негативни импликации. На средбата беа потврдени и заложбите за натамошно развивање на билатералните односи на планот на соработката во НАТО и сите сегменти на меѓудржавна соработка.

На 29 април 2022г. Џафери оствари средба со со Матеј Закоњшек, директор на Секретаријатот на Транспортната заедница на ЈИЕ. На средбата директорот Закоњшек ја истакна во фокусот на Секретаријатот се Коридорот 8 кој го поврзува Јадранското море со Црното море и Коридорот 10 кој ги поврзува Грција и Србија, а нашата држава е земја на поврзување за двата проекти. Претседателот Џафери ја објасни процедурата за усогласување на нашите закони со европското законодавство, т. е. дека истите се поднесуваат од страна на Владата со европско знаменце и се разгледуваат во скратена постапка.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА




www.sobranie.mk



Делегација на Собранието во Парламентарното собрание на Советот на Европа во состав: Дарко Каевски, шеф на Делегацијата и членовите Арта Биљали-Зендели и Александар Николоски, учествуваше во работата на Вториот дел од редовната пролетна сесија на ПС на СЕ, што се одржа од 25 до 28 април во Стразбур.

Во своето обраќање Каевски истакна дека е потребно забрзување на процесот на отворање пристапни преговори за Северна Македонија, бидејќи проширувањето на ЕУ со Западен Балкан се смета за безбедносно прашање од клучно значење за стабилноста и просперитетот на Регионот и на Европа.

Во рамки на дебатата за Лисабонскиот договор Арта Биљали-Зендели се осврна на Извештајот во кој се наведува дека членството во ЕУ е од огромно значење за регионот и Европа во целина. Имајќи ја во предвид ситуацијата Биљали-Зендели искажа мислење дека преговорите за членство во ЕУ мора што побрзо да отпочнат.

Во текот на слободната дебата, Александар Николоски истакна дека Европскиот суд за човекови права, кој е под јурисдикција на Советот на Европа, е најсилна европска институција за одбрана на човековите права. Тој потенцира дека од 14 пресуди на Европскиот суд за човекови права кои се поврзани со правата на Македонците во Бугарија, досега ниту една не е имплементирана од страна на Бугарија, со што силно се поткопува авторитетот на Судот и за тоа Советот на Европа мора да реагира.

Пратеничката Арта Биљали Зендели на 14 април 2022г. учествуваше во работата на Комисијата за избор на судии во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на Парламентарнто собрание на Советот на Европа, одржана во хибриден формат.

На состанокот беше спроведена постапка за избор на судии и интервјуа со кандидатите на Украина.



Комисијата за европски прашања во месец април одржа три седници на кои беа разгледани три закони со европско знаменце. Комисијата одржа јавна расправа по Предлог на закон за вршење сметководствени работи.



Клубот за младински прашања и политики при Собранието на 20 април 2022г. одржа средба со млади лица со попреченост. На средбата учествуваа млади активисти, претставници на повеќе граѓански организации: Младинско здружение на глуви и наглуви лица Млад знак, Здружение на граѓани Инклузива, Центар за младински активизам КРИК, Младински образовен форум и СОС Вита, како и средношколци од училиштата ДУЦОР „Партенија Зографски“ и ДУРДМОВ „Димитар Влахов“. Средбата беше организирана во соработка со Парламентарниот институт, а со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер.

Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија (ИППГ) на 13 април 2022г. организира тематски брифинг со институционални чинители коишто работат на унапредување на правата на Ромите, како и со претставници од граѓанскиот сектор. Советникот за инклузија на Ромите од Владата на Република Северна Македонија ги запозна присутните пратеници и пратенички со процесот на создавање и суштината на Стратегијата, како и со улогата којашто ИППГ ја има при имплементација на предвидените легислативни измени.



## НОВА ЕУ РЕГУЛАТИВА ЗА ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ




Европскиот парламент и Советот на ЕУ на 23 април 2022 година постигнаа привремен политички договор за Законот за дигитални услуги (DSA), кој ќе постави нови глобални стандарди. Граѓаните ќе имаат подобра контрола врз тоа како нивните податоци се користат од онлајн платформите и големите технолошки компании.

Регулативата го следи Законот за дигитални пазари (DMA), кој ги таргетира антиконкурентските практики меѓу технолошките гиганти како Гугл и Фејсбук, а беше склучен кон крајот на март.

DSA е хоризонтално законодавство кое ја поставува законодавната рамка за европскиот единствен дигитален пазар, врз основа на Директивата за е-трговија од 2001 година. Сеопфатниот акт обезбедува јасни правила за умереност на содржината, одговорност на платформата, нелегални производи и системски ризици.

Досега се воспоставени посебни обврски за „многу големи платформи", дефинирани како оние со повеќе од 45 милиони активни корисници во Европската унија. Списокот на компании сè уште не е објавен, но ќе ги вклучи гигантите како Гугл, Епл, Фејсбук, Амазон и Мајкрософт, Твитер, а можеби и ТикТок, Заландо и Букинг. Од овие компании ќе се бара да ги проценат ризиците поврзани со користењето на нивните услуги и да ја отстранат нелегалната содржина. Тие ќе мора да бидат и потранспарентни за своите податоци и алгоритми.

Европската комисија ќе ги надгледува годишните ревизии и ќе може да изрекува казни до 6% од нивниот годишен приход за повторени прекршувања.

Се очекува да бидат забранети практиките на користење податоци за религија или политичко мислење за насочено рекламирање.

За Европскиот парламент, дополнителните обврски за алгоритамска транспарентност и дезинформации се важни достигнувања", истакна известувачот Кристел Шалдемозе (DK, S&D).

https://www.europarl.europa.eu/news

## 360 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА 100 ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ



Европската унија ќе инвестира 360 милиони евра за да им помогне на градовите во нивната мисија за позеленување во 2022 и 2023 година, што се очекува да поттикне понатамошни инвестиции од приватниот сектор. Во програмата на ЕУ за брзо намалување на емисиите во урбаните области, со цел да се постигне климатска неутралност до 2030 година ќе учествуваат сто европски градови.

Градовите се одговорни за околу 70% од глобалните емисии, што ги прави идеална арена за спроведување на климатските мерки, истакна шефот за климата на ЕУ, Франс Тимерманс.

Градовите кои учествуваат во шемата ја опфаќаат географската и демографската разновидност на континентот, од метрополи како Рим и Париз, до помали градови како Гозо во Малта и Крањ во Словенија.

Од секој одбран град се бара да подготви план со кој ќе се определи како ќе се постигне климатска неутралност, вклучително и извори на инвестиции. ЕУ ќе им обезбеди на градовите техничка, регулаторна и финансиска помош при дизајнирањето на нивните планови.

Околу 377 градови се пријавија да се приклучат на програмата, позната како мисија за климатски неутрални и паметни градови, а независните експерти ја намалија листата на 100.

https://www.euractiv.com

## ПРИСТАПОТ ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ЕУ

Народниот правобранител на ЕУ побара од Европската комисијата детали за должината на времето потребно за справување со барањата за јавен пристап до документи по зголемените претставки во врска со одложувањата на процесот.
Целта на истрагата е да идентификува системски пристап за намалување на времето за постапување за таквите барања и е дел од поширoката цел за поддршка на основното право на јавноста за пристап до документи.
Народниот правобранител редовно добива пристап до документите поплаки и по нив постапува по брза постапка. Минатата година канцеларијата објави **водич** за администрацијата на ЕУ за тоа како може подобро да ги спроведе своите обврски во однос на правото на јавноста за пристап до документите.
Во Водичот се истакнува дека институциите на ЕУ треба да имаат политики за објавување и задржување документи и треба да имаат „јавен регистар на документи“. Треба да се објавуваат годишни статистики за тоа како институциите се справуваат со барањата за пристап до документи.
Истрагата е отворена на 4-ти април 2022 година во Европската комисија со број на случај OI/2/2022/MIG.

https://www.ombudsman.europa.eu

## ИЗБОРНА РЕФОРМА НА ЕУ: ЗАЕДНИЧКИ ПРАВИЛА И ТРАНСНАЦИОНАЛНИ ЛИСТИ




Предлогот изготвен од парламентарната комисија за уставни прашања го реформира Европскиот изборен акт кој поставува одредени заеднички стандарди за организација на европските избори.
Европратениците предлагаат формирање на изборна единица на ниво на ЕУ за да се изберат 28 европратеници покрај европратениците избрани во националните или регионални изборни единици.
Европските политички партии или коалиции на национални партии ќе можат да предложат транснационални листи на кандидати на чело со нивниот претпочитан кандидат за претседател на Европската Комисија. Предлогот предвидува сите земји од ЕУ да обезбедат поштенско гласање на европските избори. Европратениците препорачуваат сите Европејци да имаат право на глас од 16 години и секој граѓанин на ЕУ над 18 години да има право да се кандидира на избори.
Предлогот за транснационални листи пред европските избори во 2019 година не доби поддршка од шефовите на држави и влади на ЕУ. На состанокот во февруари 2018 година, тие истакнаа дека ќе се вратат на прашањето „во иднина, со поглед на изборите во 2024 година“.
Европратениците истакнаа дека формирањето на изборна единица ширум ЕУ во која листите ги предводи кандидатот на секоја политичка група за претседател на Комисијата ќе ја зајакне европската демократија и дополнително ќе го легитимира изборот на претседател на Комисијата.
Препорака за изборни листи од повеќе земји-членки и од Панелот на европски граѓани на Конференцијата за иднината на Европа.

https://www.europarl.europa.eu

## НОВАТА TEN-T РЕГУЛАТИВА




Европскиот економски и социјален комитет (EESC) ја истакна потребата од ажурирање на постојните правила за Трансевропска транспортна мрежа (TEN-T), земајќи ги предвид тековниот политички контекст и научените лекции од Регулативата од 2013 година.

Фокусиран на кохезија, новиот предлог има за цел да го подобри патничкото и товарното поврзување низ целата Унија, преку сè повеќе мултимодална и еластична транспортна мрежа.

Со новата регулатива ќе се надгради постојната регулаторна рамка и ќе се овозможи достигнување на целите поставени во Зелениот договор, Стратегијата за одржлива и паметна мобилност и Акциониот план за железница.

Комитетот го поддржува фокусот на „Европските транспортни коридори“ и силниот механизам за следење и засилената улога на европските координатори. Првиот ги воспоставува главните артерии на транспортот на ЕУ, кои треба да бидат во фокусот на напорите за промовирање на ефикасен транспорт и мултимодалност, додека вториот ќе обезбеди нивно правилно и навремено спроведување.

Интермодалниот транспортен синџир ќе стане реалност само ако железничките товарни врски се ефикасни, односно усогласени со соодветната инфраструктура што овозможува доволна брзина која помага кон точноста. Мултимодалноста подразбира најдобро можно искористување на предностите на сите начини на транспорт за да се постигнат најдобри можни резултати, а во исто време да се подобри безбедноста и да се намали оптоварувањето на животната средина.

Предлогот за ажурирана Регулатива за насоките на Унијата за развој на трансевропската транспортна мрежа беше претставен од Европската комисија во декември 2021 година како клучна акција на Европскиот зелен договор и Стратегијата за одржлива и паметна мобилност.

https://www.eesc.europa.eu

## ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ ВО ДАНСКА



Данската Влада најави дека има за цел значително да го зголеми снабдувањето со обновлива енергија и привремено да го зголеми производството на природен гас во Северното Море, со цел земјата да биде енергетски независна од други држави.

Ќе го зголемиме производството на природен гас во Северното Море во ограничен временски период. Убедени сме дека е подобро да се произведува гас во Северното Море, отколку да се купува, изјави данската премиерка Мете Фредериксен.

Данската Влада ги претстави плановите за драстично зголемување на производството на енергија од обновливи извори на енергија – ветер и сончева енергија, како и воведување единствен данок на јаглерод за емисиите на компаниите.

Производството од постојните дански наоѓалишта на гас во Северното Море би можело да се зголеми за дури 25%.

Земјата ќе стане нето извозник на гас следната година, кога гасните полиња Тајра, управувани од Тотал, ќе продолжат со работа по големата реконструкција што започна на крајот на 2019 година.

Владата нема да објави нови тендери за производство на Северното Море, туку наместо тоа ќе го промовира производството на гас кое веќе има лиценца, истакна министерот за клима и енергија Дан Јоргенсен.

Владата има за цел четирикратно да го зголеми производството енергија од ветер на копно и сончева енергија во рок од осум години и да го зајакне производството на енергија од ветер на брегот меѓу еден и четири гигавати во споредба со сегашните планови.

https://www.reuters.com

## ЕМАНУЕЛ МАКРОН РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФРАНЦИЈА




Претседателските избори во Франција се одржаа во два изборни круга, првиот на 10 арил и вториот на 24 април 2022 година. Меѓу кандидатите на овие избори се издвојуваа актуелниот претседател Емануел Макрон, кандидатката на централнодесничарската Републиканска партија (ЛР) Валери Пекрес, претставничката на екстремната десница Марин ле Пен, екстремниот десничар Ерик Земур, познат по своите расистички ставови, и лидерот на ултралевичарското движење „Непокорна Франција", Жан-Лук Меланшон.

Според членот 58 од Уставот, Уставниот совет е одговорен за обезбедување на регуларноста на изборите и за објавување на резултатите. Како и во првиот круг, Уставниот совет ќе ги разгледа записниците од пребројувањето на гласовите, ќе ги верификува резултатите и ќе ги испита протестите и жалбите упатени до него за контрола на валидноста на гласачкото ливче.

Во случај на неправилности Уставниот совет може да ги поништи резултатите на избирачко место или дел од нив. Во првиот круг, институцијата поништи 10.216 гласови. Бидејќи Макрон е реизбран, Уствaниот совет ќе го утврди датумот на инагурацијата, со што официјално ќе започне неговиот нов петгодишен мандат.

Свечената церемонија за инаугурација ќе се одржи во Празничната сала на Елисејската палата, каде што Емануел Макрон ќе влезе придружуван од претседателите на двете собранија, Ришар Феран (Републиката во Марш) за Националното собрание и Жерар Ларше (Републиканци) за Сенатот, како и премиерот Жан Кастекс. Претседателот на Уставниот совет ќе ја прочита одлуката за прогласување на резултатите од изборите, со што ќе се официјализира инаугурацијата за новиот мандат.

https://www.france24.com

## ЕВРОПСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА



Со писмо упатено до претседателката на Европската Комисија, Урсула фон дер Лајен 150 компании повикаа на изготвување Европска стратегија за геотермална енергија.

Со воспоставени правилни политики, геотермалната енергија би можела да исполни половина од ЕУ побарувачката за греење и ладење до 2030 година како и обезбедување на услуги за балансирање, за периодични обновливи извори и огромни залихи на литиум и други суровини материјали потребни за забрзување на енергетската транзиција и безбедноста на снабдувањето.

Синџирот на геотермална вредност е разновиден колку и многуте услуги што ги обезбедува. Потписниците на писмото се движат од комунални претпријатија кои обезбедуваат греење и услуги за ладење заедно со производството на енергија, мултинационална енергетски услужни компании, финансискиот сектор и развивачите на проекти.

Поддршката доаѓа и од Геолошките институти, кои се владини оддели одговорни за управување со националните подземни ресурси и силна покриеност од земјите од ЦИЕ кои можат да имаат најголема корист преку геотермално греење со домашни извори и ладење.

Филип Думас, генералниот секретар на EGEC изјави дека „Дури и половина од вниманието посветено на водородот, ветерот и сончевата енергија ќе му овозможи на приватниот сектор да се зголемат инвестициите во геотермална енергија поради неговиот долг животен век, ниски оперативни трошоци и огромни резерви на енергија".

Тој додаде, „Стратегијата на ЕУ за геотермална енергија ќе го обезбеди потребниот политички фокус за отклучување на регулаторните бариери и ослободување на овој витален ресурс за обновлива енергија".

Писмото е достапно следнив линк: https://www.egec.org

## НОВ КОНЦЕПТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ШУМИТЕ НА ЕУ



„Поблиску до природата“ концептот за управување со шумите е предложен во Стратегијата за Шумата на ЕУ 2030, чија цел е да ги подобри вредностите за зачувување и климатската отпорност на мултифункционалните, управувани шуми во Европа. Новата студија „Од наука до политика“ од Европскиот институт за шуми EFI се обидува да го дефинира концептот врз основа на збир од седум водечки принципи. Тој наведува рамка/листа за проверка за флексибилна европска имплементација на концептот.

Авторите ги испитуваат постоечките пристапи за управување со шумите ориентирани кон природата во Европа и ја анализираат нивната способност да го поддржат биодиверзитетот, нивната стабилност и приспособливост на неизвесни идни услови.

Лекциите за спроведување на овој нов концепт вклучуваат: 1. На различни региони им се потребни различни пристапи за управување,
2. Учење од минатото и консолидирајте ги постоечките мрежи и демонстрации, 3. Користење адаптивно управување како начин да справување со неизвесностите, 4. Управувањето со шумите поблиску до природата не е брзо решение, потребни се долгорочни мерки, 5. Треба да се разгледаат постоечките режими за субвенционирање и оданочување за приватните сопственици, и 6. Треба да развиваат и користат нови технологии и алатки. https://efi.int/publications-bank

## ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ПРЕГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА




Во последниве години Европскиот економски и социјален комитет EESC е критичен кон различните преговарачки алатки што ги користи ЕУ, како што се договорите за економско партнерство, особено поради нивната ограничена транспарентност. Според тоа, EESC смета дека треба да се осмисли нова преговарачка стратегија, со нови стандарди и процедури за обезбедување на широка и конструктивна вклученост на граѓанското општество и социјалните партнери.

Првиот чекор кон тоа би бил потпишување на меморандум за разбирање меѓу преговарачките страни. Меморандумот ќе гарантира дека двете страни ќе ги завршат различните фази од преговорите, ќе изготват патоказ и ќе ги вклучат граѓанските организации и социјалните партнери во текот на преговорите како набљудувачи, кои ќе се состанат во специјален „заеднички консултативен комитет на засегнати страни“ (JCCS).

Домашните советодавни групи (DAGs), одговорни за следење, евалуација и спроведување на договорите, се чини дека демонстрираат голем број недостатоци во однос на утврдување критериуми и јасни правила за работа. Како резултат на тоа, политичкото влијание на DAGs беше целосно несоодветно.

Во овој случај, EESC смета дека DAGs треба да се реформираат темелно за да се поправат овие слабости. Мислењето сугерира дека секој потпишан договор мора да содржи протокол за работата на DAGs, воспоставувајќи здрава институционална рамка.

Овој двоен реформски процес, со активно учество на граѓанските организации и социјалните партнери, ќе се надоврзе на новата трговска политика на ЕУ и ќе помогне да се постигнат нејзините цели. Со тоа ќе обезбеди дека сите склучени трговски договори ќе придонесат за форма на одржлив, економски, социјален и еколошки развој за двете страни во преговорите: ЕУ и земјите партнери.

Во самоиницијативно мислење усвоено на мартовскиот пленум на EESC, членовите и претставниците на граѓанските организации укажаа дека е потребна нова рамка за договори за слободна трговија и инвестиции, со цел партиципативно учество на граѓанските организации и истовремено да се подигне јавната свест.

https://www.eesc.europa.eu

## ИНФЛАЦИЈА ВО ЕВРОЗОНАТА 7,4%

Стапката на инфлацијата во Еврозоната во месец март забележа нагло зголемување како последица на покачените цени на енергенсите. Објавените податоци говорат дека инфлацијата во областа на потрошувачката во март достигнала стапка од 7,4%, споредбено со 5,9% во февруари годинава
Пресметаната базична инфлација што не ги опфаќа цените на енергијата, храната, алкохолот и тутунот исто така бележи раст на 2,9% наспроти 2,7% колку што изнесуваше во февруари.
Се очекува пикот на основната инфлација да достигне некаде над 8%, со просечна инфлаторна стапка од 7% на годишно ниво. Бидејќи зголемената инфлација ќе ја намали потрошувачката, се очекува 2022 да биде година на стагфлација за Еврозоната.
Најголема инфлација минатиот месец има кај цената на енергијата, со раст од 44,7% наспроти 32% забележан во февруари. Цените на прехранбените производи, алкохолот и тутунот во март поскапеа за 5% наспроти 4,2% претходнио месец.
Растот на цените на неенергетските индустриски производи се зголеми на 3,4% од 3,1% раст во февруари. Слично е и кај трошоците за услуги кои минатиот месец поскапеа за 2,7% наспроти 2,5% во февруари.
Инфлацијата во Германија, најголемата економија во Еврозоната, достигна рекордно високо ниво како резултат на растечката цена на енергијата. Цените во Германија минатиот месец се покачија за 30,9% наспроти порастот од 25,9% во февруари.
Се очекува цените на енергенсите во Еврозоната да останат високи во мигови кога европските држави планираат намалување на зависноста од рускиот гас и нафтата.
Анализите спроведени минатиот месец покажуваат постојано зголемување и на трошоците при набавките и на цените кај продажбата, во услови кога компаниите се обидуваат да го поделат со клиентите товарот од зголемените оперативни трошоци. И во двата случаи, инфлацијата бележи раст, што се очекува да биде потврдено и преку резултатите на следните анализи.




***ЕУ КАЛЕНДАР / март 2022***

1. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 02-5 и 18-19/05/2022, Стразбург;*
2. *Триесет и шести мадридски форум, 11-12/05/2022, Мадрид, Шпанија;*
3. *Состанок на Советот за надворешни работи, 16 и 20/05/2022, Брисел;*
4. *Состанок на Советот за општи работи, 30/05/2022, Брисел;*
5. *FISA 2022 – EURADWASTE ’22 конференција, 30/05/2022, Лион, Франција.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




